# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2024 ГОДИНА ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ*

## 1. <u>ПРИХОДИ</u>

Во периодот од **01.07.2024** година до **31.07.2024** година во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од **9.791.572 денари** и тоа по следните основи:

| **ВИД НА ПРИХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ** |
|---|---|
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со општествен капитал | 152.307 денари |
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со приватен капитал | 368.340 денари |
| 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста | 18.190 денари |
| Уплати по основ на данок на имот од физички и правни лица и камати за доцнење во плаќање на даноци од имот | 327.161 денари |
| Уплати по основ на данок на наследство и подарок | 105.693 денари |
| Приходи по основ на уплатени даноци на недвижности и права | 315.153 денари |
| Уплата на комунална такса за привремен престој од страна на регистрирани правни субјекти и физички лица кои нудат сместувачки капацитети | 56.128 денари |
| Такса за истакнување на фирма (фирмарина) | 30.000 денари |

| | |
|---|---|
| Комунална такса за користење на улици со патнички товарни возила што се плаќа при регистрација | 67.462 денари |
| Комунална такса што се плаќа за одржување на јавното осветлување | 1.085.019 денари |
| Такси за користење на просторот пред деловни простории и за користење на плоштад и др. | 95.596 денари |
| Комунален надоместок од уредување на градежно земјиште | 233.087 денари |
| Уплати по основ на административни такси кои се плаќаат за списи од општината. | 38.590 денари |
| Уплати по основ на закупнини на објекти и опрема во сопственост на општината | 91.824 денари |
| Уплати по основ на други неданочни приходи и приходи од органи на управа – надомест за користење на сала за венчавки, приходи од извршени уплати од министерствата за користење водовод и канализација на подрачните одделенија сместени во зградата на општината ,2 % од наплата на премии за каско и одговорност | 61.273 денари |
| Приходи од продажба на земјиште и од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 393.550 денари |
| Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на експлоатирано минерална суровина) | 6.414 денари |
| Приходи по основ на легализација на бесправно изградени објекти | 69.450 денари |
| Трансвер на средства од Буџетот на Р.С.М. во износ од 3.852.985 ден. по основ на 5,5% данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и тоа основен дел - 4,5%, дел за перформанси - 0,75% и дел за воедначување – 0,75%, капитални трансвери од 2.423.350 ден. средства од Министерството за животна средина за реализација на проект –Изградба на отворен канал на ул.Вељко Влаховиќ во Берово | 6.276.335 денари |

## 2. РАСХОДИ

Во периодот од **01.07.2024** година до **31.07.2024** година од Буџетот на Општина Берово исплатени се вкупно **10.572.797 денари** и тоа за следните намени:

| ВИД НА РАСХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ |
|---|---|
| За плати на вработените во општината, плати за дел од вработените во Домот за стари лица, вработените во ТППЕ и за платен персонален данок по решенија и надоместоци | 2.794.865 денари |
| Исплатен дел за надомест за годишен одмор на администрацијата и вработените во ТППЕ | 636.000 денари |
| Исплатено за еден месец надомест на советниците | 224.261 денари |
| Од постојаната резерва исплатени се 2 решенија од по 30.000 ден. и персонален данок за истите за болничко лекување и за надомест на штета од елементарна непогода, донесени од страна на Советот на општината | 66.666 ден. |
| Исплатени дневници во земјата на градоначалник, советници и администрација на износ од 43.562 ден. заклучно со месец мај, бидејќи истите не се исплаќаа тековно поради изборниот период, дневници во странство на износ од 95.412 ден., патни расходи во земјата од 150 ден., расходи за сместување на гости во земјата износ од 37.700 ден., патни расходи во странство на износ од 29.211 ден. и расходи за сместување за патувања во странство сума од 51.734 ден. | 257.769 денари |
| За електрична енергија за два месеци исплатени се 172.222 ден., за улично осветлување за два месеци 362.154 ден., телефонски услуги, интернет и др.услуги 5.356 ден., за горива и масла 94.419 ден., за поштенски услуги 400 ден.,за водовод и ѓубретарина 17.539 ден.,за регистрација на возила 14.390 ден. | 666.480 денари |
| За прехрамбени продукти и пијалоци-кетеринг за вработените во ТППЕ 3 смена 21.210 ден., за набавка на др.материјали и материјали за улично осветлување 104.087 ден. и 56.640 ден. се исплатени за набавени материјали за специјална намена - огномет | 181.937 денари |
| Платени фактури за јавна чистота и зеленило на вкупен износ од 365.659 ден., за поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема 25.960 ден.,за услуги за обезбедување на Бизнис инкубаторот платени се 4.720 ден. и за поправка на возилата на општината и на ТППЕ платени се 36.950 ден. | 433.289 денари |

| | |
|---|---|
| За закуп на просторија за потребите на детската градинка исплатени се 5.464 ден., 7.831 ден. се исплатени кон физичко лице ангажирано за општокорисна работа,за услуги за копирање и печатење 1.668 ден., за користени услуги од АКН 11.103 ден., за банкарски провизија за подигање на странски валути за исплата на дневници во странство 7.408 ден., за услуги за вештачење 8.000 ден. и за др.договорни услуги исплатени се 52.712 ден. кон авторска агенција за исплата на ангажирање на физички лица и тоа: за одржување на WEB страната на општината, за фотографски дела и видео записи и за достава на решенија за данок на имот | 94.186 денари |
| За репрезентација платено е 18.620 ден., за објава на огласи 14.856 ден., 4.720 ден. се исплатени за земено учество на семинари на вработени лица во општината и 712.195 ден. др.оперативни расходи – 3.450 ден. се платени за цветни аранжмани за потребите на општината и за административна такса, 17.261 ден. е платено за настапот на DJ BONO на настанот „ Ајде да се дружиме" и 50%, односно 691.484 ден. се платени кон авторска агенција за претстојниот настап на Јелена Розга на Етно Плоштад фестивалот | 750.391 денари |
| Исплатени се средства за плата преку агенција за привремени вработувања на лице вработено во Домот на култура | 47.450 денари |
| Исплатени средства кон Црвен крст согласно донесено решение од страна на Советот на општината | 70.000 денари |
| По завршувањето на изборниот период и забраната за исплата на нередовни исплати во текот на месец јули изготвени и исплатени се сите решенија согласно годишните програми и тоа: 23 решенија по 5.000 ден. за континуиран одличен успех на ученици во основноти и средното образование, 3 решенија од по 5.000 ден. за најдобри ученици Роми, 13 решенија по 8.000 ден. за полагање на возачки испит за Б-категорија, исплатени стипендии во износ од 24.000 ден. за 3 ученици од средното образование за период од месец февруари до месец мај, 12 решенија по 6.000 ден. еднократна парична помош за студенти кои запишале прва година, 15.000 ден. за прворoдено дете во 2024 година, 1 решение од 6.000 ден. за новородено дете, согласно правилникот за 2023 год. и 14 решенија од по 7.000 ден. согласно правилникот за 2024 год. и 49.910 ден. исплатен персонален данок по решенијата, 244.748 ден. се исплатени кон Пакомак и дел буџетско учество за проектот – Ромактед фаза 2, 10.000 ден. се исплатени по 2 решенија по повод Велигденските празници за најцврсто јајце прва и втора награда и 88.891 ден. се исплатени по решенија за освоени награди на ученици од основното и средното образование по повод одржаната Пролетна трка, согласно годишната програма за спорт и рекреација | 842.549 денари |

| | |
|---|---|
| Дел по завршна ситуација од 221.405 ден. се платени за реконструкција на водоснабдителна мрежа во с.Владимирово, 3.094.783 ден. се платени по завршна ситуација за изградба на отворен канал на ул.В.Влаховиќ и 176.049 ден. се платени за подготвување на проекти | 3.492.237 денари |
| Исплатен надомест за одземен имот | 14.717 денари |

Бр.08-247/8
01.08.2024 год.

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски